**Одлука. 21**

**Управниот одбор на Македонската тениска федерација** по пат на електронско гласање на ден 02.04.2018 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за определување на критериуми за номинација на тенисери до 20 години за стекнување на статус спортист-спортска надеж за 2018 / 2019 година

МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА
Бр. 0202-21-6
02.04 2018 год.
СКОПЈЕ

### Член 1

Македонската Тениска Федерација ќе ја изврши селекцијата за номинација на тенисери за стекнување на статусот спортист спортска надеж според следните критериуми:

1. Државни прваци 2017 и 2018 година и најдобар пласман на ранг листи на Теннис Европа 14 и 16 години до 150 место, ИТФ до 18 години до 300 место, АТП и ВТА до 1000 место, во периодот од 01.01.2017 година до датата на прием на барањето од Агенцијата за млади и спорт на РМ за 2018 година
2. Државни прваци 2017 и 2018 година и Пласман на тенисерите на официјалните ранг листи на МТФ, на крајот од 2017 и моменталниот пласман на ранг листите 2018 година
3. Најдобар пласман на ранг листи на Теннис Европа 14 и 16 години до 150 место, ИТФ до 18 години до 300 место, АТП и ВТА до 1000 место, во периодот од 01.01.2017 година до датата на прием на барањето од Агенцијата за млади и спорт на РМ за 2018 година
4. Пласман на тенисерите на официјалните ранг листи на МТФ, на крајот од 2017 и моменталниот пласман на ранг листите 2018 година

### Член 2

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.и се однесува за номинација на тенисери за стекнување на статус спортист спортска надеж за периодот 01,09.2018 до 30,06,2019 година.

Македонска Тениска Федерација
Претседател на Управниот Одбор
Жарко Луковски

Скопје, 02.04.2018 година

МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА СКОПЈЕ